# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 13 / 2021

## 22.06.2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021година.

Бр.09-409/1
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на чл. 50 став 1 т.6 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ”бр. 32/20) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) Градоначалникот на Општина Неготино му предлага на Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 17.06.2021, да донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 год**

Член 1

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

Табелата „**2.2.1 Измена и дополна на ДУП (планирани)**“ се доплнува со:

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | **Површина (Ха)** | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **УЕ 1** | **БЛОК 3**<br><br>- Помеѓу улиците „Маршал Тито“ и „Никола Петров“ | 0,50 | самофинансирање |

Табелата „**2.9 Изработка на урбанистички прокти согласно член 58 став 6**“ се доплнува со:

| **Р.Б.** | | **ЛОКАЦИЈА** | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| 1 | Војшанци | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 270, КП 271 и КП 272, КО Војшанци, општина Неготино. | самофинансирање |
| 2 | Пепелиште | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 – згради од лесна градежна индустрија (сепарација) на КП 1553 и КП 1554 КО Пепелиште | самофинансирање |
| 3 | Неготино | Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за инфраструктура – нов 10(20)кV кабелски вод, КО Неготино општина Неготино. | Самофинансирање |

Во глава 3 „ **ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА “ се менуваат табелите :**

| р.б. | П РИХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Средства од буџет на оштина Неготино | 1.000.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.000.000,00** |

| | РАСХОДИ | денари |
|---|---|---|
| **Ф** | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | |
| **Ф1** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | **1.000.000,00** |
| 1 | Измена и дополнување на ГУП | |
| 2 | Измена и дополнување на ДУП | |
| 3 | Изработка на УПС | |
| 4 | Изработка на УПВНМ | |
| 5 | Изработка на ЛУПД | |
| 6 | Изработка на Архитектонско-урбанистички проект | |
| 7 | Изработка на Проекти за инфраструктура | |
| 8 | Изработка на идејни проекти | |
| 9 | Изработка на урбанистички проекти | |
| 10 | Геодетски услуги | |
| | **ВКУПНО** | **1.000.000,00** |

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Правилник за урврдување на плати , додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички и помошни работи во општина Неготино**

Се објавува **Правилник за урврдување на плати , додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички и помошни работи во општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021 година.

Бр.09-409/2
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.52/05), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (Сл.Гласник на Општина Неготино бр.3/2006) Советот на Општина Неготино на ден 17.06.2021 година, го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува основната плата, додаток на плата и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино.

**Член 2**

Работникот кој склучил договор за вработување има право на заработувачка-плата, согласно закон, правилникот за плати, колективниот договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување е во парична форма.

**Член 3**

Основната плата се определува согласно условите на работното место за кое работникот склучил договор за вработување.

Основната плата е изразена во бодови.

Висината на бодот ја утврдува Градоначалникот врз основа на утврдениот буџет на општината (ставка плати и надоместоци на плати) за секоја тековна година.

**Член 4**

Бројот на бодовите за секое работно место се утврдува според сложеноста на работата, која зависи од степенот на образованието потребен како услов за заснивање на работен однос, а утврден во актот за организација и систематизација на работни места во опшштина Неготино и тоа:

**Група II- Работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето**

Подгрупа 10

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Командир на ТППЕ | 430 | бода |
| 2 | Заменик Командир | 380 | бода |
| 3 | Командир на чета | 380 | бода |
| 4 | Пожарникар спасител-водач на група | 315 | бода |
| 5 | Пожарникар спасител-возач на специјално возило | 300 | бода |
| 6 | Пожарникар спасител | 300 | бода |

**Група IV- Работни места на помошно-технички лица**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Одговорен за возен парк | 365 | бода |
| 2 | Курир | 295 | бода |

**Член 5**

Вредноста на бодот на вработените од II и IV Група изнесува 77,24 денари.
Вредноста на бодот на вработените од IV Група изнесува 81,6 денари

**Член 6**

Поради видот и природата на работите шти ги извршуваат на износот на основната плата на професионалните пожарникари се утврдува и пресметува додаток на плата за посебни услови при работа, согласно член 13 од Законот за пожарникарството во висина од 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

**Член 7**

На работникот му се зголемува основната плата 0,5 %(додаток) за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 8**

Работникот кој е распореден на работи во смени односно турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата.

**Член 9**

Работникот кој ќе биде ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови колку бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток на плата во висина од 40% од основната плата, во зависност од часовите поминати на работа во неделен одмор.

**Член 10**

Работникот кој работи во периодот од 22 до 06 часот ноќе има право на додаток на плата во висина од 40%.

Надоместокот-додаток за  храна за ноќна работа (20% од просечната плата), за работните часови во периодот од 22 до 06 часот ќе се утврдува и исплатува на почетокот на наредната година (најдоцна до 31.01),за часовите изработени во претходната година. Ваквиот начин на исплата на надоместокот се предвидува поради потребата од утврдување на законскиот услов за исплата на овој надоместок, а  тоа е: работикот да одработил ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска.

**Член 11**

Работникот за работа за време на државен празник поминато на работа има право на додаток на плата во висина на 50% по час од износот на основната плата.

**Член 12**

Работникот кој работи подолго од работното време има право на додаток во висина од 35% по час од износот на основната плата.

Работникот од став 1 на овој член доколку работи подолго од полното работно време, има право времето поминато на работа подолго од полното работно време да го замени со слободни часови.

**Член 13**

Работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работа за:

- службено патување,
- користење на приватен автомобил за службени патувања,
- одвоен живот од семејството,
- теренски додаток,
- смрт на работникот или член на неговото потесно семејство и
- отпремнина при одење во пензија

Висината на надоместоците од став 1 од овој член за секоја година се утврдуваат со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Неготино.

**Член 14**

На работниците учесници во штрајк, за време на учеството во штрајкот, работодавачот е должен да им уплатува придонеси од плата утврдени со посебни прописи на најниската основица за плаќање на придонесите.

**Член 15**

Работникот кој со посебни ангажирања и квалитет во извршувањето на работите позначително ќе придонесе во органот, може да му се додели парична награда во висина од една негова просечна плата.

**Член 16**

Висината на платата за секој работник работодавачот ќе ја утврдува со посебно решение.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Неготино, а ќе се применува за исплата на платата за месец 06.2021 година.

**Член 18**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во општинската администрација на општина Неготино бр.08-58/1 од 31.01.2014 година, Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во општинската администрација на општина Неготино бр.04-170/1 од 01.06.2016 година; бр.09-78/1 од 08.02.2018 година, бр.09-70/1 од 30.01.2019 година, бр.09-70/2 од 26.09.2019 и бр.09.01.2020 година.

бр.08-399/4
17.06.2021 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021 година.

Бр.09-409/3
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.198/19) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 17.06.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност Годишниот план за вработување за 2021 година на **ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино** со бр . 04-41 од 27.05.2021 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-399/5
17.06.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за систематизација на работните местана ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност на Правилник за систематизација на работните местана ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021 година.

Бр.09-409/4
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 17.06.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Правилник за систематизација на работни места на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино**

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино бр. 0101-240 од 07.06.2021 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-399/6
17.06.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за начела на внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност на Правилник за начела на внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021 година.

Бр.09-409/5
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 17.06.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Правилник за начела на внатрешна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков„ Неготино**

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за начела на внатрешна организација на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино бр. 0101-241 од 07.06.2021 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Неготино,,.

бр.08-399/7
17.06.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на СОУ „Св.Кирил и Методиј“ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност на Статутот на СОУ „Св.Кирил и Методиј“ Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021 година.

Бр.09-409/6
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 97 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ„ бр.44/95.... Сл. весник на РСМ 229/20) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 17.06.2021 година го донесе следното

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Статутот на СОУ „Св. Кирил и Методиј „ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Статутот на СОУ „Св. Кирил и Методиј„ Неготино со бр.02-1/23 од 27.04.2021 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-399/8
17.06.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 17.06.2021 година.

Бр.09-409/7
22.06.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 17.06.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

- Траев Борче од Неготино износ од 15.000,оо денари
- Стојановска Гордана од Неготино износ од 12.000,оо денари
- Ангел Николов од Неготино износ од 6.000,оо денари
- Илиева Сузана од Велес износ од 6.000,оо денари
- Идриз Јусуфов од Неготино износ од 12.000,оо денари
- Мирјана Нуткова од Неготино износ од 15.000,оо денари
- Славица Ташева од Неготино износ од 15.000,оо денари
- Алија Синанов од с.Криволак, Неготино од 6.000,оо денари
- Драгица Милков од с.Тимјаник, Неготино износ од 10.000,оо денари
- Бранко Стојанов од Неготино износ од 6.000,оо денари
- Спировска Благородна од Неготино износ од 20.000,оо денари
- Петрова Рајна од Неготино износ од 3.000,оо денари
- Стојанчо Стојанов од Неготино износ од 6.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на општина Неготино.

бр.08-399/9
17.06.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

# СОДРЖИНА
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 13/2021


1. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година**
3. **Заклучок за објавување на Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати за вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино**
4. **Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати за вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино**
5. **Заклучок за објавување на Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**
6. **Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**
7. **Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилник за систематизација на работните места на на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**
8. **Одлука за давање на согласност на Правилник за систематизација на работните места на на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**
9. **Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за начела на внатречна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**
10. **Одлука за давање согласност на Правилник за начела на внатречна организација на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**
11. **Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Статут на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино**
12. **Одлука за давање согласност на Статут на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино**
13. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
14. **Решение за доделување на еднократна парична помош**